THE IDIOMS WITH THE COMPONENT *HEART* IN ENGLISH AND IN MACEDONIAN LANGUAGE
(Cognitive approach)

Prof. Violeta Nikoloska PhD, University "Goce Delcev" - Stip, the Republic of Macedonia, violeta.nikolovska@ugd.edu.mk

Abstract: The idioms are the linguistic creation in one language that features the spirit of the people and its culture. They are formed in the process of metaphorization, metonymy, personification, etc. They are a picture of a life experience. The idioms are characterized by an coherence and a rigid structure, stability and the reproducibility and the process of desemantization. The desemantization means that at least one of the components of the idiom partially or completely changed its meaning and the idiom has gained the new meaning, different from the sum of the basic meanings of its constituent components. According to the cognitive linguistics, the metaphors are links between the concepts, but not between the lexemes. Their conceptual occurrence is conditioned by different physical and cultural factors. Majority of the idioms are based on conceptual metaphors. In this paper, we will analyze the idioms with the component *heart* in English and Macedonian language. We will begin with the English idioms, taken from the Oxford Advanced Learner's Dictionary by Hornby (2006) and will try to found out the appropriate equivalent expressions into Macedonian language. If no suitable expressions are to be found, we will state the paraphrase of the idiom. The analysis of the idioms will be based on the theoretical settings of cognitive linguistics, which were introduced by the famous linguists Lakoff and Johnson, in their book entitled "Metaphors We Live By" (Lakoff and Johnson 2003). According to the grammatical structure, we will take into consideration the idioms that have the structure of a sentence and of a phrase. With this paper we want to present that there are universal ways of structuring the conceptual system in humans, according to the reality in which we live in. The stability of that conceptual system includes the structure of the idioms as linguistic expressions and therefore appear similarities between the idioms in Macedonian and English language.
Keywords: idioms, heart, metaphor, metonymy, conceptual system

ФРАЗЕМИТЕ СО СОСТАВНА КОМПОНЕНТА *СРЦЕ* ВО АНГЛИСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

(когнитивен пристап)

Проф. д-р Виолета Николовска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија violeta.nikolovska@ugd.edu.mk

Апстракт: Фраземите се јазична креација која го одликува духот на еден народ, неговата култура. Настануваат по пат на метафоризација, метонимија, персонификација и сл. Тие се слика на едно животво искуство. Се одликуваат со целовитост и цврста структура, усталеност или репродуктивност е десемантизација. Десемантизацијата подразбира дека барем една од составните компоненти на фраземот делумно или целосно го променила своето значење и фраземот како таков се здобил со ново значење, различно од збирот на основните значења на неговите составни компоненти. Според когнитивната лингвистика, метафорите се врски меѓу концептите, а не меѓу лексемите. Нивното концептуално настанување е условено од различни физички и културолошки фактори. Голем дел од фраземите се темелат на концептуални метафори. Во овој труд, ќе ги анализираме фраземите кои во англискиот и во македонскиот јазик ја содржат компонентата *срце.* Ќе појдеме од англиските фраземи, ексцерпирани од Оксфордскиот речник на современ англиски јазик за напредни изучувачи на Hornby (2006) и ќе се обидеме да приведеме нивни еквивалентни изрази на македонски јазик. Доколку нема соодветни, ќе ја приведеме парафразата на фраземот. Во анализата на фраземите ќе се служиме со теориските поставки на когнитивната анализа, кои ги воведоа познатите Лејкоф и Џонсон, во книгата насловена како „Metaphors We Live By“ (Lakoff and Johnson 2003). Според граматичкиот состав, предвид ќе ги земеме фраземите што имаат структура и на реченица и на синтагма. Она што сакаме да го покажеме е дека постојат универзални начини на структурирање на концептуалниот систем кај човекот, согласно со реалноста во која живееме. Устројството на тој концептуален систем влегува во структурата на фраземите како јазични изрази и поради тоа се јавуваат сличностите меѓу фраземите во македонскиот и во англискиот јазик.

Клучни зборови: фраземи, срце, метафора, метонимија, концептуален систем

1. ВОВЕД

Фразеологијата има тесни врски со лексикологијата, синтаксата и стилистиката. Како предмет на изучување, фразеологијата ги има постојаните состави од зборови како одделен слој од речникот на еден јазик.

Зборовите во синтаксата стапуваат во слободни врски: именски фрази (*добар човек*), глаголски фрази (*го виде човекот*), прилошки фрази (*многу вода*) и сл. Во овие слободни врски секој од зборовите си го задржува своето значење, така што значењето на фразата е еднакво на збирот од значењата на зборовите кои влегуваат во нејзиниот состав.

Зборовите во фраземите стапуваат во постојани, неслободни врски. Во овие врски, ослабува значењето на составните компоненти (или на едната од нив), па не може да се каже дека значењето на фраземата е еднакво на збирот на значењата на составните компоненти.

Традиционалната дефиниција на фраземите, според Станојевиќ и Паризоска (Stanojević i Parizoska 2005) се заснова на интроспекција и на освестување на несвесните и делумно свесните значенски односи. Според загребската фразеолошка школа (Vajs i Žic-Fuchs 1998) фраземите се одликуваат со следните обележја: целовитост и цврста структура, усталеност или репродуктивност и десемантизација. Од синтаксички аспект, фраземите се нерасчленливи изрази кои се востановиле со долготрајна употреба. Десемантизацијата подразбира, како што рековме погоре, дека барем еден од членовите на фраземот, делумно или целосно го променил своето значење во споредба со новото, стекнато значење. Станојевиќ и Паризоска, повикувајќи се на Matešič (1978) и Maček (1992-1993), тврдат дека метафоризацијата е еден од темелните начини на десемантизација на компонентите на фраземите. Споменативе автори сметаат дека многу фраземи настанале од метафори, при што во моментот кога се конвенционализирале (преминале од говорот на поединецот во говорот на заедницата) ја изгубиле метафоричноста. Како приемер, Станојевиќ и Паризоска го неведуваат развивањето на метафоричкото значење на *нога* ‘дел на кој некој предмет стои’. Ова значење на лексемата *нога* станало доволно усталено, за да можеме да кажеме дека се деметафоризирало.

Според когнитивната лингвистика[1], метафорите се врски меѓу концептите, а не меѓу лексемите. Нивното концептуално настанување е условено од различни физички и културолошки фактори. Различните јазични изрази се темелат на концептуалните метафори.

Во излагањето што следи ќе ги анализираме фраземите кои во англискиот и македонскиот јазик ја содржат компонентата *срце*. Поаѓаме од англиските фраземи, ексцерпирани од Оксфордскиот речник на современ англиски јазик за напредни изучувачи на Hornby (2006) и се обидуваме да приведеме, доколку ги има, нивни еквивалентини изрази на македонски јазик. Онаму каде што тоа не е можно ја даваме парафразата на фраземот. Во анализата на фраземите ќе се служиме со теориските поставки на когнитивната анализа, кои ги воведоа познатите Лејкоф и Џонсон, во книгата насловена како „Метафори спрема кои живееме“ (Lakoff and Johnson 2003).

Според граматичкиот состав, предвид ќе ги земеме фраземите што имаат структура и на реченица и на синтагма.

2. ФРАЗЕМИТЕ СО КОМПОНЕНТАТА *СРЦЕ*

Фраземите на англиски јазик, како што рековме, ги ексцерпиравме од Оксфордскиот речник на современ англиски јазик за напредни изучувачи на Hornby (2006). Во нив изделивме два процеса на преосмислување на нивното значење: метафора и метонимија. Во некои фраземи можеше да стане збор и за дејство на двата когнитивни процеси при десемантизација и ресемантизација на фраземите. Ќе ги приведеме, класифицирани според когнитивниот процес кој доаѓа до израз при преосмислувањето на нивното значење. Онаму каде што е можно, ќе го привдеме и соодветниот македонски фразем.

2.1. Фраземи во кои доаѓа до израз метонимијата како когнитивен процес

- at heart: *He is still a socialist at heart.*

  Макед.: во срце

[1] Станојевиќ и Паризоска се повикуваат на Grady 1997 и Kövecses 2002.

Метонимија: делот стои за целината, делот е центарот на човековата суштина – посакувања, желби.

- Have a heart! *informal*

Макед.: Имај срце!

Фраземот се употребува кога се бара од некого да покаже разумност и сочувство.

Метонимија има особено во изразот *има срце.* Во овој израз срцето стои за позитивните чувства кај човекот: разбирање, милост, сочувство.

- lose heart ˙изгуби надеж или сигурност'

Метонимија: срцето стои за позитивните чувства како што се надежта и сигурноста, кои се однесуваат на сегашноста и иднината.

- lose your heart to somebody / something *formal*

И во примеров срцето стои за чувствата, поточно романтичните, љубовни чувства. Ги изгуби чувствата на некого, не значи дека му ги снема чувствата, туку дека „ги предаде", „ги даде" некому своите чувстава (*му ја даде љубовта, му го даде некому срцето*). Во случајов се работи и за метафорично претставување на срцето како предмет што може да се „предава некому", обично заедно со љубовта и позитивните чувства во него. Затоа и во многу песни ја среќаваме фразата *врати ми го срцето* (песна и од Л. Алабакоски).

- a man / woman after your own heart

Макед.: човек / жена по твоја мерка

И во случајов, срцето како дел (од организмот на човекот), стои за целокупниот човек (неговите склоности, афинитети, желби).

- not have the heart to do something ˙да не си во состојба да направиш нешто, бидејќи со тоа некого ќе вознемириш или растажиш'

  Макед.: нема срце да направи нешто

  Во примеров, срцето стои за нешто што може да се нарече совест кај некого, или сомилост. Негацијата во фразеолошкиот израз означува дека некој нема срце што би му дозволило да направи лошо дело. Срцето се покажува како чувар на доблестите кај човекот, еден вид на совест кај човекот.

- pour out / open your heart to somebody ˙да ги кажеш некому сите свои проблеми, чувства и сл.'

  Макед.: да се отвориш некому

  Во македонскиот фразем станува збор за целината. (Целиот) човек да се отвори некому. На англиска страна, за целината стои срцето. Да му го отвориш некому срцето значи да ги споделиш со него најинтимните чувства, проблеми и сл. И во овој пример, срцето стои за целината: се работи за метонимија.

- tear / rip the heart out of something ˙да го уништиш најважниот дел / аспект од нешто'

  Макед.: да му ја извадиш душата на нешто (значењето не е идентично, но во одредени контексти може да биде приближно)

  Метонимијата на овој фразем можеби е најилустративна за сите наведени примери на метонимија. Срцето стои за најважниот, суштинскиот дел на човекот (или пак метафорично – нешто друго).

- with all your heart / your whole heart ˙целосно, комплетно' (*I hope with all my heart that things will work out for you.)*

Макед.: со цело срце (*Се надевам со цело срце дека работите ќе се средат за тебе.)*

И во случајов се работи за прав пример за метонимија: делот стои за целината, целото битие.

2.2. Фраземи во кои доаѓа метафората како когнитивен процес

Во фраземите што ги ексцерпиравме, срцето ни се претставува како кршлив објект, како контејнер за најискрени и скриени чувства кои колку се повеќе на дното, толку се појаки. На срцето како објект може и нешто да му се приближува. Она што наоѓа место покрај срцето наоѓа место во човековата суштина, во човековите чувства.

- break sb's heart: *She broke his heart whwn she called off the engagement.*

  Макед.: му го скрши срцето некому

  Метафоричното значење е дека срцето е кршлив објект, кој метонимично стои за чувствата на човекот. Метафоричното значење е дека некој некому му ги повредил чувствата, дури и посилно од тоа: некој повредил, скршил некого.

- sb's heart sinks ˙некој е тажен или депримиран'

  Оваа метафора, во која срцето е претставено како објект, е во согласност со ориентациската метафра *Happy is up; Sad is down; Good is up; Bad is down* на Лејкоф и Џонсон (Lakoff and Johnson 2003: 14-21). Имајќи основа во природата и во секојдневното искуство, се забележува дека здравиот и среќниот човек е исправен, додека болниот, измореният е поднаведнат или легнат. Мртвиот човек е легнат. Здравиот е исправен. Така и метафорично тажното или депримирано, повредено срце е потонато. Дури и во природата, здравото цвеќе е исправено и цврсто, додека овенатото е поднаветнато и омлитавено.

  Слични по метафоричност се српскиот фразем: *Све су му лађе потонуле* и македонскиот: *Падна со духот*.

- from the bottom of your heart: *It was clearly an offer that came from the heart.*

  Макед.: од дното на срцето

  Ангиската парафраза на овој фразем (Hornby 2006: 691) е ˙на начин што е искрен, чесен'. Македонскиот фразем го содржи и ова значење, иако може да се сфати пошироко: ˙со најдлабоките чувства'. Во оваа метафора, срцето ни е претставено како предмет – контејнер за позитивни чувства: искреност, љубов...

Срцето може да биде метафорично претставено и како објект со граници, во чија близина може да се сместуваат личности, настани, идеи и сл. Кон она што нашло место блиску до срцето, се гаат позитивни чувства:

- close / dear / near to sb's heart ˙е до голема важност за некого'

  Макед.: блиску му е до срце, мило му е на срце, на срце му лежи, при срце му е

  Покрај споменатата метафора, во примеров има и метонимија: делот стои за целината – срцето го претставува човекот, она што е важно за него.

Сличен на овој фразем, само со вклучување и на субјектот, оној кој го поседува срцето е и фраземот:

- take something to heart

  Макед.: земе нешто на срце / земе нешто при срце / земе нешто на душа

  Вообичаеното значење, регистрирано и кај Hornby (2006: 692) е ˙се вознемири, се загрижи поради нешто, обично нешто што го рекол или сторил некој друг'.

Метафорично, срцето е објект што може некому да се дава и што има одредено место каде што стои. Изместувањето на срцето од неговото место е знак за страв (*Му отоде срцето во петици.*) или за радост (разговорно: *Ќе му искочи срцето* /од радост/).

- give your heart to somebody ˙ја даде својата љубов на некоја личност'

  Макед.: му го (пре)даде срцето

  Во овој фразем се среќаваме со когнитивните процеси метонимија – срцето стои за чувствата, особено чувството на љубов и метафора – срцето е (вреден) предмет што може да се даде.

- sb's heart is in their mouth ˙некој се чувствува вознемирено или исплашено'

- sb's heart is in the right place ˙нечии намери се љубезни и чесни иако понекогаш некој прави погрешно нешто'

  Македонскиот фразем: *Му дојде срце на место,* иако сличен со англискиот, има поинакво значење: ˙се смири, се ослободи од грижи'. Ова е редок пример во кој постои сличност меѓу македонскиот и англискиот фразем, но значењата им се различни. Во англискиот фразем, кога срцето е на вистинско место се означува дека и чувствата на човекот се на вистинско место – позитивни: љубов, чесност, искреност...

2.3. Фраземи во кои среќаваме персонификација

- your heart goes out to somebody ˙сочувствуваш силно со некого'
- to your heart's content: *a supervised play area where children can run around to their heart's content*

  Макед.: колку ти срце сака / колку ти душа сака

3. ЗАКЛУЧОК

Фраземите не се само јазични изрази во кои се среќаваме со стилски фигури. Според принципите на когнитивната лингвистика, метафоричните и метонимиските процеси што ги среќаваме кај фраземите говорат за нашиот концептуален систем: како функционира и како е структуриран. Тој концептуален систем ја отсликува реалноста која нè опкружува, резултат е на културата во која живееме и како што авторите на когнитивната лингвистика покажуваат (Lakoff and Johnson 2006: 139-146) таа реалност може да се менува со навлегување на нови концептуални метафори.

Срцето е средиштето на човекот. Центарот на неговите мисли, чувства, желби. Тоа го покажуваат и фраземите во кои се сретнавме со процесот на метонимија: срцето стоеше за целокупниот човек, неговата суштина, чувства, љубов, сочувство, совест. Дури сретнавме и два фраземи во кои срцето беше персонифицирано – срцето беше прикажано како човек(от). Во фраземите во кои среќаваме метафора, срцето беше прикажано како контејнер на позитивни чувства (искреност, љубов...). Чувствата може да се дадат некому, па така може да се даде и срцето. Она што е при срце е драго, мило, а она што се зема на срце загрижува. Во македонскиот јазик, кога срцето е некому на место, сè е во ред. Иако за фраземите се зборува дека се непреводливи од еден на друг јазик, она што ние го забележавме, а во врска со фраземите што ја содржат компонентата *срце* е дека речиси се идентични во англискиот и во македонскиот јазик. Тоа не зборува само за блискост на културите, туку за универзалност во устројството на душевниот живот кај човекот. Оваа реалност на речиси идентичен начин го структурирала концептуалниот систем во македонскиот и во англискиот јазик кој се одразил и во структурирањето на јазичните изрази – фраземи

[4] ЛИТЕРАТУРА:

[1] С. Бојковска, Л. Минова-Ѓуркова, Д. Пандев, Ж. Цветковски, Општа граматика на македонскиот јазик, Скопје: Просветно дело, 2008.
[2] З. Мургоски, Речник на македонскиот јазик, Скопје: Филолошки факултет „Б. Конески“, 2005.
[3] Толковен речник на македонскиот јазик Р-С, том V, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2011.

[4] J. E. Grady, Theories are buildings – revisited, Cognitive linguistics 8 (4), pp. 267-290, 1997.
[5] A. S. Hornby, Oxford Advanced Learner's Dictionary of Current English, Oxford: Oxford University Press, 2006.
[6] Z. Kövecses, Metaphor. A Practical Introduction. Oxford: Oxford University Press, 2002.
[7] G. Lakoff and M. Johnson, Metaphors we live by, Chicago-London: The University of Chicago Press, 2003.
[8] D. Maček, Neka pitanja o definiciji idiomatskih fraza, Filologija 20-21, pp. 263-276, 1992-1993.
[9] J. Matešić, O poredbenom frazemu u hrvatskom jeziku, Filologija 8, pp. 211-218, 1978.
[10] M-M. Stanojević i J. Parizoska, Konvencionalne konceptualne metafore i idiomatičnost, Semantika prirodnog jezika i metajezik semantike (zbornik), Zagreb-Split: Hrvatsko dru[tvo za primijenjenu lingvistiku, pp. 701-712, 2005.
http://www.academia.edu/24264755/Konvencionalne_konceptualne_metafore_i_idiomati%C4%8Dnost_Conventional_conceptual_metaphors_and_idiomaticity_

[11] N. Vajs i M. Žic-Fuchs, Definicija I frazem u jednojezičnom rječniku, Filologija 30-31, pp. 363-368, 1998.